Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2021 година

Скопје, март 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 9:10 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Светлана Кузмановска, државен советник во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу

заедниците и членовите на Владата м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог од Царинската управа за дополнување на Заклучокот на Владата од Педесет и првата седница, одржана на 9 март 2021 година, во врска со дозвола за движење за време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија за економските оператори што вршат извоз, увоз или транзит на стока

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата заклучи, заклучокот на Владата на Република Северна Македонија од Педесет и првата седница, одржана на 9 март 2021 година, под број 40-130/10, точка 1 од Дневниот ред, да се дополни со нов заклучок кој да гласи:

- движењето за време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, за економските оператори што вршат извоз, увоз или транзит на стока да биде дозволено доколку за стоката е издаден транспортен документ Т1 или ТИР карнет, или пак, извозен придружен документ ИПД.

### Точка 2

По оваа точка немаше предлози.

### Точка 3

По оваа точка немаше прашања ниту предлози

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 9:20 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев